**20191522385**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОЖАРНИКАРСТВОТО

Се прогласува Законот за изменување на Законот за пожарникарството,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 23 јули 2019 година.

Бр. 08-4276/1
23 јули 2019 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОЖАРНИКАРСТВОТО

Член 1

Во Законот за пожарникарството („Службен весник на Република Македонија„ број 67/2004, 81/2007, 55/13, 158/14, 193/15 и 39/16), во член 5 ставот (3) се менува и гласи:

„Територијални противпожарни единици формираат градот Скопје и општините: Битола, Велес, Гевгелија, Гостивар, Кочани, Куманово, Охрид, Прилеп, Старо Нагоричане, Струмица, Тетово, Штип, Ресен, Кавадарци, Валандово, Дебар, Берово, Виница, Делчево, Крива Паланка, Кривогаштани, Кратово, Струга, Кичево, Крушево, Македонски Брод, Македонска Каменица, Радовиш, Ранковце, Свети Николе, Пробиштип, Демир Хисар и Неготино.“.

Ставот (4) се менува и гласи:

„Противпожарните единици од ставот (3) на овој член ќе ги покриваат следниве општини: Битола за општините Новаци и Могила, Велес за општините Градско и Чашка, Гевгелија за општините Богданци и Дојран, Гостивар за општината Врапчиште и делот Маврово од општината Маврово – Ростуше, Кочани за општините Зрновци и Чешиново, Куманово за општината Липково, Охрид за општината Дебарца, Прилеп за општината Долнени, Струмица за општините Босилово, Василево и Ново Село, Тетово за општините Брвеница, Јегуновце, Теарце, Боговиње и Желино, Штип за општината Карбинци, Кавадарци за општината Росоман, Дебар за општината Центар Жупа и делот Ростуше од општината Маврово – Ростуше, Берово за општината Пехчево, општината Струга за општината Вевчани, општината Македонски Брод за општината Пласница, општината Радовиш за општината Конче, општината Свети Николе за општината Лозово, општината Неготино за општината Демир Капија и градот Скопје за општините Петровец, Илинден, Арачиново, Чучер - Сандево, Сопиште, Студеничани и Зелениково.“.

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе започне да се применува од 1 јануари 2020 година.